РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2292/2
14-11-2024 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2292/1 од 27.08.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2292/1 од 27.08.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2292/1 од 27.08.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на незадоволство од постапувањето на службите во ///, а во врска со дефект – олабавен далноводен кабел од бандера. Подносителот дава податок дека иако дефектот го пријавил за санирање, истиот сеуште не бил саниран, ниту од ///, ниту од ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата не се доставени прилози како поткрепа на наводите.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување од причина што пријавените сомнежи не спаѓаат во надлежност на ДКСК согласно со одредбите од Законот за спречување

на корупцијата и судирот на интереси. Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: Т. Д., претседател

Доставено до:
- Подносителот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk